НЕЗАВИСЕН



# ЗНМ бара Владата да ги почитува протоколите за ковид при прес-конференции

18/01/2022 20:08





Преполната мала сала со новинари и сниматели на денешната прес-конференција на македонскиот и бугарскиот премиер, Димитар Ковачевски и Кирил Петков, многумина ги остави во загриженост од опасноста да стане жарите за ширење на короната. Половина од новинарите и не носеа маски. Владата очигледно не го пресмета доволно медиумскиот интерес за прес-конференцијата. Таа требаше да се префрли на друго, поголемо место, каде што нема да позтори чувство на ковид-нелогодност.

Реагираше и Здружението на новинари на Македонија. Тоа побара Владата да ги почитува здравствените протоколи за медиумско покривање на настани во затворен простор.

„По добиени поплаки од страна на членови на секцијата на сниматели при ЗНМ, апелираме дека Владата треба да ги почитува здравствените протоколи за медиумско покривање на настани во затворен простор. Имено, на фотографиите од денешниот настан може да се забележи дека снимателите немаат безбедни услови за работа поради несоодветниот простор во кој нема речиси никаква дистанца помеѓу медиумските работници, а со тоа директно се изложени на здравствен ризик по нивното здравје“, наведува ЗНМ.

Здружението бара од Владата кога има ваков тип настани за медиумите во иднина да се обезбедат соодветни услови за нивна работа и строго да ги почитуваат здравствените протоколи предвидени за јавни настани.

## ПОВРЗАНИ СОДРЖИНИ


## Најчитани

Хоросı зна…
16/03/2022 10:19

Нема да…
12/03/2022 10:10

Случај лиф…
16/03/2022 14:09

Русија им …
12/03/2022 14:04

Во при…
15/03/2022 14:21

Рускı ми…
13/03/2022 20:13






